РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 05-4988/1
17-05-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# Извештај за финансиското работење на претпријатието во првиот квартал од 2022 година



Скопје, 2022

СОДРЖИНА

I. Општи информации

II. Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за I квартал 2022

III. Остварени приходи I квартал 2022

IV. Остварени расходи I квартал 2022

V. Биланс на состојба I квартал 2022

VI. Биланс на успех I квартал 2022

VII. Табела спецификацирани приходи I квартал 2022

VIII. Табела спецификацирани расходи I квартал 2022

IX. Извештај за реализирана инвестициона програма I квартал 2022

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот јануари - март 2022 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите, расходите и инвестициите во првиот квартал од 2022 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2021 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јануари - март 2022 година Јавното Претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## III. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот јануари - март 2022 година

| Р. бр. | Опис | План 2022 | Остварено I квартал 2022 | Остварено I квартал 2021 | Структурна анализа I квартал 2022 | Споредбена анализа (остварено I квартал 2022/план 2022) | Споредбена анализа (остварено I квартал 2022/остварено I квартал 2021) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **11.278.000.000** | **2.041.398.011** | **1.617.638.284** | **100,00%** | **18,10** | **126,20%** |
| 1.1 | Приходи од патарина | 3.550.000.000 | 581.137.560 | 544.066.719 | 28,47% | 16,37 | 106,81% |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 2.100.000.000 | 406.271.887 | 389.678.197 | 19,90% | 19,35 | 104,26% |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 36.351.926 | 12.394.922 | 1,78% | 84,54 | 293,28% |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 4.650.000.000 | 992.499.126 | 659.307.201 | 48,62% | 21,34 | 150,54% |
| 1.5 | Приходи од укинување на долгорочни резервации | | | | 0,00% | | #DIV/0! |
| 1.6 | позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 935.000.000 | 25.137.512 | 12.191.245 | 1,23% | 2,69 | 206,19% |
| **2** | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **7.109.150.000** | **1.652.150.951** | **2.290.372.197** | **100,00%** | **23,24** | **72,13%** |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 130.150.000 | 37.960.674 | 17.571.227 | 2,30% | 29,17 | 216,04% |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 1.584.000.000 | 461.891.025 | 383.118.871 | 27,96% | 29,16 | 120,56% |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 490.000.000 | 21.492.095 | 149.613.809 | 1,30% | 4,39 | 14,37% |
| 2.4 | Амортизација | 2.600.000.000 | 501.660.066 | 490.074.955 | 30,36% | 19,29 | 102,36% |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 385.000.000 | 59.933.523 | 42.565.209 | 3,63% | 15,57 | 140,80% |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 1.920.000.000 | 569.213.568 | 1.207.428.126 | 34,45% | 29,65 | 47,14% |
| 2.7 | Резервирања за трошоци и ризици | | | | | | |
| 2.8 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | 0,00% | | |
| **3** | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | **4.168.850.000** | **389.247.060** | **-672.733.913** | 23,56% | | |
| **4** | **Вкупни неизмирени обврски (краткорочни)** | | | | | | |
| **5** | **Вкупни побарувања** | | | | | | |
| **6** | **Состојба на сметки (денарска и девизна)** | | | | | | |
| **7** | **Вкупен број на вработени лица** | | 481 | 481 | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието | | 358 | 363 | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието | | | | | | |
| | Број на привремено вработени во претпријатието | | 123 | 118 | | | |
| **8** | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 32.745 | 31.600 | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2022 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.
Во периодот јануари - март 2022 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, во првиот квартал од 2022 година изнесува 992.499.126 денари, односно 21,34% од планираните за 2022 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 50,54% или за **333.191.925 денари**. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 581.137.560 денари, односно 16,37% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2022 година. Во споредба со истиот период од 2021 година, приходот врз оваа основа е поголем за 6,81%, односно за **37.070.841 денари**. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.118/2019 од 11.06.2019).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во износ од 406.271.887 денари, што е 19,35% од планираниот приход по таа основа за 2022 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 4,26% или за **16.593.690 денари**. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

4. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 36.351.926 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", приходи остварени од наплата на гаранции, пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети и други приходи.
   **Во првиот квартал од 2022 година ЈП за државни патишта има остварено повеќе приходи во споредба со првиот квартал од 2021 година за 386.856.456 денари.**

5. **Приходи** од пресметани и наплатени камати во износ од 22.665.053 денари, пресметани позитивни курсни разлики 2.472.459 денари или вкупно приходи по двата основи 25.137.512 денари.



## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот јануари - март 2022 година направени се расходи по следниве позиции:

**1. Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија_________37.960.674**

- трошоци за канцелариски материјали------------------------------------------- 372.886
- трошоци за материјали за одржување хигиена------------------------------ 177.415
- трошоци за работни униформи за вработени---------------------------------- 36.986
- трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици-------------- 1.429.307
- трошоци за вода и други напитоци--------------------------------------------- 182.882
- трошоци за електрична енергија, гориво, парно и др.--------------------- 35.761.198

**2. Услуги со карактер на материјални трошоци______________________ 461.891.025**

- трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------------------ 3.639.667
- трошоци за одржување патишта (Македонија пат)----------------------- 414.443.383
- Трансфери до ЕЛС------------------------------------------------------------------ 6.485.383
- трошоци за одржување на опрема и згради, одржување на софтвер, одржување ПП систем и апарати, одржување и бројачи на сообраќај и други трошоци------------------------------------------------------------------ 10.599.337
- наем на опрема------------------------------------------------------------------------ 1.533.378
- режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, дезинфекција и дератизација)--------------------------------------------------- 2.806.481
- трошоци за надзор над одржување на државни патишта------------------ 7.808.822
- трошоци за провизија за здруженија за технички преглед---------------- 11.215.983
- трошоци за провизија за привремено вработени--------------------------------- 549.875
- други трошоци од работењето-------------------------------------------------- 2.808.716

**3. Останати трошоци од работењето_____________________________________ 21.492.095**

- надоместоци за членови на УО и НО-------------------------------------------------359.104
- трошоци за репрезентација ------------------------------------------------------- 30.000
- трошоци за осигурување---------------------------------------------------------------- 50.326
- трошоци за банкарски провизии---------------------------------------------------6.207.880
- останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)-------------330.744
- трошоци за извршители---------------------------------------------------------------- 106.227
- трошоци за судски пресуди----------------------------------------------------------- 112.900
- консултантски услуги------------------------------------------------------------------- 2.023.889
- трошоци за вештачења, адвокатски услуги (судски спор со Рубау), геодетски услуги, претплата за стручни списанија и др--------------------12.271.025

**4. Пресметан трошок за амортизација_________________________________ 501.660.066**

**5.Трошоци за вработените______________________________________________ 59.933.523**

- Трошоци за бруто плати------------------------------------------------------------- 37.359.038
- Трошоци за превоз на инкасанти, обуки,систематски преглед,

Надомест за привремени вработени и други------------------------------------ 22.164.124
- Трошоци за солидарна помош и отпремнини за пензија------------------------ 410.361

**6.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики**
**(финансиски расходи)____________________________________________ 569.213.568**
- негативни курсни разлики---------------------------------------------- 553.737.975
- камати--------------------------------------------------------------- 15.475.593

1. Ставката трошоци за суровини и материјали е поголема во споредба со истиот период од минатата година поради зголемениот трошок за електрична енергија.
2. Ставката услуги со карактер на материјални трошоци е поголема во споредба со истиот период од минатата година поради зголемените исплати за тековно одржување на државните и регионалните патишта кон ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта (Македонијапат).
3. Ставката трошоци за вработените е поголема во споредба со периодот од минатата година поради зголемена ангажираност на вработените на наплатните станици што се должи на зголемената фрекфенција на возила што се гледа и од повеќе остварениот приход од патарини и за разлика од минатата година трошоците за привремени вработени се евидентираат во оваа ставка. Минатата година се евидентираа во ставката услуги со карактер на материјални трошоци.

**Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од кредитната задолженост на ЈП за државни патишта.



| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 01.01.2022 - 31.03.2022 | Остварено 01.012021 - 31.03.2021 | Споредбена анализа оств.тек.год. /оств.претх.год(%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | Парични средства | 1.769.508 | 1.147.469 | 154,21% | 1,54% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 273.875 | 184.510 | 148,43% | 0,24% |
| 3 | Залихи | 1.818 | 1.920 | 94,69% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 0 | 0 | | 0,00% |
| **6** | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **2.045.201** | **1.333.899** | **153,33%** | **1,78%** |
| **7** | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **112.513.000** | **106.925.108** | **105,23%** | **98,19%** |
| 8 | Долгорочни фин. вложувања (долгорочни побарувања) | 21.033 | 35.027 | 60,05% | 0,02% |
| **9** | **Нематеријални средства** | **2.682** | **6.622** | **40,50%** | **0,00%** |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | |
| 11 | Други средства | | | | |
| **12** | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **114.581.916** | **108.300.656** | **105,80%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | |
| | **ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)** | | | | |
| 14 | Краткорочни обврски | 4.792.822 | 5.651.762 | 84,80% | 4,18% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 1.897.834 | 2.279.815 | 83,25% | 1,66% |
| **16** | **Тековни обврски** | **4.792.822** | **5.651.762** | **84,80%** | **4,18%** |
| 17 | Долгорочни обврски | 45.909.588 | 40.938.392 | 112,14% | 40,07% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 209.063 | 193.736 | 107,91% | 0,18% |
| **19** | **Нетековни средства (17+18)** | **46.118.651** | **41.132.128** | **112,12%** | **40,25%** |
| **20** | **Обврски (16+19)** | **50.911.473** | **46.783.890** | **108,82%** | **44,43%** |
| 21 | Капитал | 5.000 | 5.000 | 100,00% | 0,00% |
| 22 | Акумулирана добивка | 45.512.573 | 42.627.572 | 106,77% | 39,72% |
| 23 | Резерви | 4.595.660 | 2.885.000 | 159,29% | 4,01% |
| 24 | Ревализациони резерви | 9.796.453 | 9.796.453 | 100,00% | 8,55% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 1.862.923 | 3.922.926 | 47,49% | 1,63% |
| **26** | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **61.772.609** | **59.236.951** | **104,28%** | **53,91%** |
| **27** | **Вк. обврски и капитал (20+26) Пасива** | **114.581.916** | **108.300.656** | **105,80%** | **100,00%** |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | |

## VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ I квартал 2022 година

во илјада денари (000)

| Poz | Опис | План I квартал 2022 | Остварено I квартал 2022 | Остварено I квартал 2021 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 2 | Акциза | 1.162.500 | 992.499 | 659.307 | 150,54% | 85,38% | 49,22% |
| 3 | Патарина | 887.500 | 581.138 | 544.067 | 106,81% | 65,48% | 28,82% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 525.000 | 406.272 | 389.678 | 104,26% | 77,39% | 20,15% |
| 5 | Други приходи | 10.750 | 36.352 | 12.395 | 293,28% | 338,16% | 1,80% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 2.585.750 | 2.016.261 | 1.605.447 | 125,59% | 77,98% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 1.250 | 22.665 | 1.344 | 1686,38% | 1813,20% | 90,17% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 232.500 | 2.472 | 10.847 | 22,79% | 1,06% | 9,83% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 233.750 | 25.137 | 12.191 | 206,19% | 10,75% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **2.819.500** | **2.041.398** | **1.617.638** | 126,20% | **72,40%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | **Трошоци од дејноста** | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали,енергија | 32.538 | 37.961 | 17.571 | 216,04% | 116,67% | 6,53% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 396.000 | 461.891 | 383.119 | 120,56% | 116,64% | 79,46% |
| 15 | Трошоци за вработените | 96.250 | 59.934 | 42.565 | 140,81% | 62,27% | 10,31% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 122.500 | 21.492 | 149.614 | 14,36% | 17,54% | 3,70% |
| 17 | Вкупно Трошоци од дејноста | 647.288 | 581.278 | 592.869 | 98,04% | 89,80% | 100,00% |
| 18 | Камати | 67.500 | 15.476 | 2.222 | 696,49% | 22,93% | 1,45% |
| | Негативни курсни разлики | 412.500 | 553.738 | 1.205.206 | 45,95% | 134,24% | 51,71% |
| 19 | Амортизација | 650.000 | 501.660 | 490.075 | 102,36% | 77,18% | 46,85% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 1.130.000 | 1.070.874 | 1.697.503 | 63,09% | 94,77% | 100,00% |
| 22 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | | | |
| 23 | **Вкупно расходи** | **1.777.288** | **1.652.152** | **2.290.372** | 72,13% | **92,96%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 24 | Финансиски резултат | 1.042.213 | 389.246 | -672.734 | -57,86% | 37,35% | |
| 25 | Данок на добивка | | | | | | |
| 26 | Нето Финансиски резултат | 1.042.213 | 389.246 | -672.734 | | | |

во илјада денари (000)

## VII.ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ I КВАРТАЛ 2022

| | 3. Специфицирани приходи | Планирано I квартал 2022 година | Остварено I квартал од 2022 година | Остварено I квартал 2021 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1.162.500 | 992.499 | 659.307 | 150,54% | 85,38% | 49,22% |
| 2 | Патарина | 887.500 | 581.138 | 544.067 | 106,81% | 65,48% | 28,82% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 525.000 | 406.272 | 389.678 | 104,26% | 77,39% | 20,15% |
| 4 | Други приходи | 10.750 | 36.352 | 12.395 | 293,28% | 338,16% | 1,80% |
| 5 | Приходи од укинување на долгорочни резервации | | | | #DIV/0! | | 0,00% |
| 6 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4+5)** | **2.585.750** | **2.016.261** | **1.605.447** | **125,59%** | **77,98%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 7 | Приходи од камати | 1.250 | 22.665 | 1.344 | 1686,38% | 1813,20% | 90,17% |
| 8 | Приходи од позитивни курсни разлики | 232.500 | 2.472 | 10.847 | 22,79% | 1,06% | 9,83% |
| 9 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **233.750** | **25.137** | **12.191** | **206,19%** | **10,75%** | **100,00%** |
| 10 | **Вкупно приходи (6+8)** | **2.819.500** | **2.041.398** | **1.617.638** | **126,20%** | **72,40%** | |

во илјада денари (000)

# VIII. ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ I КВАРТАЛ 2022

| | 4. Специфицирани расходи | Планирано за I квартал 2022 година | Остварено за I квартал од 2022 година | Остварено за I квартал 2021 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 32.538 | 37.961 | 17.571 | 216,04% | 116,67% | 3,51% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 396.000 | 461.891 | 383.119 | 120,56% | 116,64% | 42,65% |
| 3 | Останати трошоци од работењето | 122.500 | 21.492 | 149.614 | 14,36% | 17,54% | 1,98% |
| 4 | Трошоци за вработени | 96.250 | 59.934 | 42.565 | 140,81% | 62,27% | 5,53% |
| 5 | Амортизација | 650.000 | 501.660 | 490.075 | 102,36% | 77,18% | 46,32% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **1.297.288** | **1.082.938** | **1.082.944** | **100,00%** | **83,48%** | **100,00%** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 67.500 | 15.476 | 2.222 | 696,49% | 22,93% | 0,94% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 412.500 | 553.738 | 1.205.206 | 45,95% | 134,24% | 33,52% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **480.000** | **569.214** | **1.207.428** | 47,14% | 118,59% | 34,45% |
| 10 | Резервирања за трошоци и ризици | | | | | | |
| 11 | **Вкупно расходи (6+9)** | **1.777.288** | **1.652.152** | **2.290.372** | **72,13%** | **92,96%** | **100,00%** |
| 2 | Просечен број на вработени | | 481 | 481 | | | |

IX Извештај за реализација на Инвестиционата програма во I квартал 2022 година

| Инвестициона програма | Програма 2022 година | Реализација – I-III-2022 | Реализација I-III-2021 | Споредба I-III 2022/I-III- 2021 | Реализација I-III 2022/програма 2022 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот I-III 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **22.111.474.000** | **1.063.709.639** | **974.021.722** | **109,21** | **4,81%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **2.855.600.000** | **198.977.446** | **377.929.100** | **52,65** | **6,97%** | **18,71%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.509.800.000 | 107.861.928 | 246.127.118 | 43,82 | 7,14% | 10,14% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат и др) | 714.000.000 | 0 | 7.563.138 | 0 | 0% | 0,00% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 200.000.000 | 29.640.670 | 58.083.417 | 51,03 | 14,82% | 2,79% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 374.100.000 | 61.474.848 | 66.155.427 | 92,92 | 16,43% | 5,78% |
| *Опрема | 57.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **13.317.000.000** | **864.732.193** | **596.092.622** | **145,07** | **6,49%** | **81,29%** |
| **3) Инвестиции за проект Бехтел и Енка** | **5.938.874.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0%** |



1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 198.977.446 денари и тоа:

- Средствата во износ од 107.861.928 денари реализирани се за ситуации за рехабилитација на државни и регионални патишта и тоа: делница Куманово – Страцин, изградба на делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец), како и санација на свлечишта и мостови.
- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 29.640.670 денари.
- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во првиот квартал од годината потрошени се 61.474.848 денари. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата потрошени се 55.499.328 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 5.975.520 денари.



2. **За инвестиции од странски кредити**, беа реализирани вкупно 864.732.193 денари и тоа:

- За реализација на Програмата за градба на национални патишта и Проектот за патарини за коридор 8 финансирани од **ЕБОР** потрошени се 355.977.987 денари;
- За реализација на Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансиран од кредит од **Светска Банка** потрошени се 37.671.785 денари.
- За реализација на Проектот за автопатската делница Кичево – Охрид финансиран од Exим банка потрошени се 471.082.421 денар.




**Изработил: Маре Шурлиновска**

**Контролирал/Одобрил: Миле Куновски**

ДИРЕКТОР

EJUP RUSTEMI